КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

- втор квартал 2026 година -

Р е з и м е

- **Економската активност** во вториот квартал од 2026 година забрза, при што БДП оствари реален раст од 4,3% на годишна основа, по растот од 3,1% во претходниот квартал, со што растот во првото полугодие достигна 3,7%. Растот беше поддржан од позитивните остварувања во услужниот сектор, градежништвото и индустријата, како и од позитивниот придонес на домашната побарувачка, особено преку повисоките бруто-инвестиции и финалната потрошувачка;
- **Бројот на вработени** во К-2-2026 е повисок за 1,0% во однос на истиот квартал од 2025 година. **Бројот на невработени** во К-2-2026 се намали за 1,5%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 11,3%;
- Просечната **нето-плата** во К-2-2026 изнесува 48.902 денари и бележи раст од 7,3% на номинална основа, односно 2,6% на реална основа споредено со нето-платата во К-2-2025;
- Во К-2-2026, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 11,4%, а вкупните буџетски расходи за 3,4% споредено со истиот квартал од 2025 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2026 изнесува 4,6% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2026 се зголеми за 1,4% на квартална основа;
- Во К-2-2026 е забележан раст на **извозот на стоки** за 11,7%, додека **увозот на стоки** забележа раст од 14,2% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 13,2%.

Содржина:

1. Економска активност 3
2. Пазар на работна сила 7
3. Јавни финансии 8
3.1. Буџетски приходи според економската класификација 8
3.2. Буџетски расходи според економската класификација 9
3.3. Расходи по буџетски корисници 10
3.4. Буџетски дефицит и државен долг 12
4. Инфлација и монетарни движења 12
5. Надворешен сектор 15
5.1. Надворешнотрговска размена 15
5.2. Платен биланс 17

1. Економска активност

Домашната **економска активност** во вториот квартал од 2026 година забележа реален годишен раст од 4,3%, по растот од 3,1% во првиот квартал, што укажува на натамошно засилување на економската активност. На кумулативна основа, растот во првото полугодие од 2026 година достигна 3,7%. Во однос на претходниот квартал, сезонски и календарски прилагодениот БДП оствари раст од 1,3%, потврдувајќи ја позитивната динамика на економската активност.


Според производната структура на БДП, услужниот сектор беше главен носител на економскиот раст, при што значаен придонес имаа и градежништвото и индустријата.

Активноста во **услужниот сектор** порасна за 2,4%, при што зголемување е регистрирано кај речиси сите дејности. Највисока стапка на раст е остварена кај дејностите уметност, забава и рекреација (5,1%), додека најголем придонес кон растот на секторот имаа трговијата, транспортот и угостителството, со зголемување од 4,1%. Значаен раст од 4,3% е забележан и кај дејностите информации и комуникации.

Градежништвото оствари силен раст од 21,9% на реална основа, поддржан од растот на вредноста на извршените градежни работи во сегментите нискоградба (42,2%) и специјализирани градежни работи (30,0%), додека кај високоградбата е регистриран пад од 11,4%. Растот на градежниот сектор и натаму во најголема мера е поттикнат од активноста во нискоградбата, односно од реализацијата на инфраструктурни проекти, вклучително и изградбата на коридорите 8 и 10-д.

Индустрискиот сектор забележа раст од 3,9%, во услови на зголемено производство во преработувачката индустрија, која порасна за 4,1%. Согласно високофреквентните податоци, растот на преработувачката индустрија беше поддржан од повеќе индустриски гранки, при што најзначаен позитивен придонес имаа производството на други неметални минерални производи (раст од 43,8%, придонес од 1,7 п.п.), производството на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 4,2%, придонес од 0,7 п.п.) и производството на тутунски производи (раст од 25,5%, придонес од 0,6 п.п.). Дополнително, раст е забележан и кај снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, од 6,8%, додека рударството и вадењето камен регистрираа пад од 1,0%.

Графикон 1.1. Индустриски сектор
(годишна стапка на раст)



Извор: Државен завод за статистика

Земјоделството забележа минимален реален пад од 0,1%, по растот од 2,9% во претходниот квартал, продолжувајќи со променливата динамика во секторот.


Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

Сектори	реален раст (%)				придонес во раст (п.п.)			
	2025	К1 2026	К2 2026	П1 2026	2025	К1 2026	К2 2026	П1 2026
Бруто-домашен производ	3,5	3,1	4,3	3,7				
Земјоделство	1,8	2,9	-0,1	1,2	0,1	0,2	0,0	0,1
Индустрија	2,5	-0,8	3,9	1,6	0,4	-0,1	0,7	0,3
Преработувачка индустрија	3,6	-0,2	4,1	2,0	0,5	0,0	0,6	0,3
Градежништво	13,7	7,2	21,9	15,1	0,9	0,3	1,0	0,7
Услужен сектор	3,0	3,6	2,4	3,0	1,7	2,2	1,4	1,8
Трговија, транспорт и угостителство	4,1	3,7	4,1	3,9	0,7	0,7	0,8	0,7
Информации и комуникации	4,5	3,3	4,3	3,8	0,2	0,2	0,2	0,2
Финансиски и дејности за осигурување	0,3	2,8	0,2	1,5	0,0	0,1	0,0	0,0
Дејности во врска со недвижен имот	2,0	3,3	1,6	2,5	0,2	0,4	0,2	0,3
Стручни, научни и технички дејности	6,2	6,1	2,3	4,3	0,3	0,3	0,1	0,2
Јавна управа, одбрана, образование и здравство	1,1	2,5	-1,3	0,6	0,1	0,4	-0,2	0,1
Уметност, забава и рекреација	0,0	4,2	5,1	4,6	0,0	0,1	0,1	0,1
Нето-даноци на производи	3,6	3,2	9,2	6,5	0,5	0,4	1,2	0,8
Резидуал					-0,1	0,2	0,0	0,0

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2026) и пресметки на МФ

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност во вториот квартал од 2026 година беше поддржан од позитивниот придонес на домашната побарувачка, поттикнат од растот на бруто-инвестициите и финалната потрошувачка.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

Бруто-инвестициите забележаа висок реален раст од 16,5%. Растот на инвестициите беше поддржан од засилената реализација на големите капитални инвестиции, особено во инфраструктурните проекти, вклучително и изградбата на коридорите 8 и 10-д. Дополнително, значителен придонес кон растот на бруто-инвестициите имаше и инвестициската активност на домашните компании, поддржана од високата искористеност на поволните кредитни линии обезбедени од Владата.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност *(годишна стапка на раст)*



Извор: Државен завод за статистика

Финалната потрошувачка забележа раст од 2,8%, поддржан од зголемувањето на приватната и јавната потрошувачка. **Приватната потрошувачка,** како главен двигател на растот на домашната побарувачка, забележа реален раст од 3,3%, во согласност со позитивните движења кај останатите показатели поврзани со потрошувачката. Растот на приватната потрошувачка беше поддржан од зголемениот расположлив доход на домаќинствата, како резултат на повисоката вработеност и номиналниот раст на платите и пензиите од 7,3%, како и од засиленото кредитирање на домаќинствата, кое се зголеми за 12,0%. Поволните движења кај потрошувачката се потврдуваат и преку показателите од трговијата на мало, каде што е регистриран реален раст од 2,8%. **Јавната потрошувачка** забележа раст од 0,8%.


Извозот на стоки и услуги забележа двоцифрен раст од 10,4% на реална основа, при што растот во најголема мера се должи на зголемениот извоз на неоргански хемиски производи, нафта и производи од нафта, како и хемиски материи и производи. **Увозот на стоки и услуги** се зголеми за 12,5%, при што растот беше предводен од зголемениот увоз на интермедијарни производи, додека дополнителен придонес кон растот на увозот имаа и производите за широка потрошувачка и капиталните производи. Оттука, нето-извозот имаше негативен придонес кон растот на економската активност, како резултат на побрзиот раст на увозот во однос на извозот.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

Компоненти	реален раст (%)				придонес во раст (п.п.)			
	2025	К1 2026	К2 2026	П1 2026	2025	К1 2026	К2 2026	П1 2026
Бруто-домашен производ	3,5	3,1	4,3	3,7				
Финална потрошувачка	2,7	3,2	2,8	3,0	2,4	2,8	2,4	2,6
Приватна	2,1	2,6	3,3	3,0	1,5	1,8	2,2	2,0
Јавна	5,3	5,5	0,8	3,1	0,9	1,0	0,1	0,5
Бруто-инвестиции	8,0	1,5	16,5	9,3	2,6	0,4	4,8	2,7
Извоз на стоки и услуги	6,1	6,2	10,4	8,4	4,0	4,0	6,6	5,4
Увоз на стоки и услуги	6,7	5,2	12,5	9,0	5,3	4,2	9,6	7,1
Нето-извоз					-1,3	-0,2	-3,0	-1,7
Резидуал					-0,2	0,1	0,1	0,1

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2026) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП
за К2 2026 во ЕУ и регионот, во %



Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (6) се однесуваат на земјите: Србија, Црна Гора, С. Македонија, БиХ, Албанија и Косово

2. Пазар на работна сила

Вработеност

Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени лица во К-2-2026 е зголемен за 1,0%, односно за 7,3 илјади лица во однос на истиот квартал од 2025 година.

Од вкупниот број вработени, 541.382 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (76,4% од вкупно вработените), додека 167.316 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (23,6% од вкупно вработените).

Стапката на вработеност во К-2-2026 изнесува 46,6% и во однос на истиот квартал од 2025 година е зголемена за 0,4 п.п..


Невработеност

Бројот на невработени е намален за 1,4 илјада лица, односно за 1,5% во однос на истиот квартал од 2025 година.

Стапката на невработеност во К-2-2026 изнесува 11,3%, односно е за 0,2 п.п. пониска во споредба со истиот квартал од 2025 година, а во однос на претходниот квартал таа е непроменета (Графикон 2.1).

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 11,4%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 24,0%. Во однос на К-2-2025 година, стапката во категоријата 15 – 64 е намалена за 0,3 п.п., додека стапката во категоријата 15 – 29 е зголемена за 2,4 п.п.. Според половата структура, стапката на невработеност кај женското население е зголемена за 0,3 п.п. и изнесува 9,8%, што е за 2,5 п.п. помалку од невработеноста кај мажите, којашто е се намали за 0,7 п.п.. на годишно ниво и изнесува 12,3%.

Графикон 2.1 Пазар на труд



Извор: Државен завод за статистика

Активно население

Во К-2-2026, бројот на **активно население** е зголемен за 6,0 илјади лица (или за 0,8%) на годишна основа. Активното население во К-2-2026 сочинува 52,5% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување за 0,3 п.п. во споредба со истиот квартал од 2025 година.

Плати


Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2026 изнесува 48.902 денари и е повисока за 7,3% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2025 година, а на реална основа е зголемена за 2,6% (Графикон 2.2).

Највисока нето-плата во К-2-2026 е исплатена во секторот Информации и комуникации (88.673 денари), по што

следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 70.218 денари, Рударство и вадење камен со 59.728 денари и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 57.605 денари.

Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2026 изнесува 73.546 денари, што претставува раст од 7,4% на номинална основа и 2,6% на реална основа.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
(годишна стапка на раст)



Извор: Државен завод за статистика

3. Јавни финансии

3.1. Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните буџетски приходи во К-2-2026 учествуваат со 32,6% во кварталниот БДП и се повисоки за 11,4% споредено со вториот квартал од 2025 година, а притоа даноците бележат раст за 14,3%, придонесите за 7,8%, а неданочните приходи за 3,1%. Кај даночните приходи повисока наплата е забележана кај приходите по основ на данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ и увозните давачки, додека приходите по основ на акцизи и другите даночни приходи бележат намалување.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2026 во споредба со К-2-2025 е зголемена за 17,6%, а на директните даноци за 9,3%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци изнесува 6,0% во К-2-2026 и не бележи промена во однос на учеството во кварталниот БДП во К-2-2025 година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-2-2026 изнесува 13,1% и е повисоко за 1,0 п.п. во однос на К-2-2025 кога изнесуваше 12,1%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
(% од номинален квартален БДП)




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 47,0% од вкупните даночни приходи во К-2-2026 и бележат раст од 28,6% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од

акцизи се пониски за 5,2%, а приходите од царински давачки се повисоки за 7,6%.

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 11,2%, а приходите од данокот на добивка за 6,9% во однос на истиот квартал претходната година.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К2 2026 (во мил. денари)



Извор: Министерство за финансии

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 7,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 7,8%, кај придонесите за вработување и придонесите за здравствено осигурување за 7,7%.

Во К-2-2026, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,5% од кварталниот БДП, беа реализирани за 3,1% повеќе во однос на истиот квартал од 2025 година.

Во К-2-2026, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа повисоки за 8,9% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 26,3% во споредба со истиот квартал од 2025 година.


3.2. Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните буџетски расходи во К-2-2026, со учество од 36,6% во кварталниот БДП, се повисоки за 3,4% споредено со истиот квартал од 2025 година.

Тековните расходи, кои претставуваат 34,1% од кварталниот БДП, учествуваат со 93,2% во вкупните расходи и тие беа реализирани за 5,6% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за плати и надоместоци забележаа зголемување за 8,4%, а расходите за стоки и услуги се зголемени за 11,8% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 69,5% во вкупните расходи, беа реализирани за 5,3% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 6,1% и учествуваа со 50,8% во вкупните расходи.

Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К2 2026 (во мил. денари)



Извор: Министерство за финансии

Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 7,7% и забележаа учество

од 34,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 17,9% во вкупните расходи и забележа зголемување за 2,6% во однос на вториот квартал од 2025 година. Споредено со К-2-2025, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 9,1%, а субвенциите и трансферите се намалија за 3,9%.

Расходите за каматни плаќања се намалени за 6,6% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 24,9%, а каматните расходи по надворешен долг намалување за 26,2%.

Реализацијата на капиталните расходи, кои претставуваат 2,5% од кварталниот БДП, е пониска за 18,7% споредено со истиот квартал од 2025 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 6,8%.

3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-2-2026 година, **Министерството за социјална политика, демографија и млади** реализира 20.440 милиони денари или 24,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (73,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 14.948 милиони денари или 24,0% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,1% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 28,3% (3.704 милиони денари) од планираните за 2026 година.


Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 11.909 милиони денари, што е 25,1% од вкупниот буџет за 2026 година. Најголем дел од расходите (55,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 6.560 милиони денари или 25,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,2%, за што се потрошени 2.763 милиони денари, односно 24,8% од вкупно предвидените.

Во К-2-2026 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 537 милиони денари, односно 16,0% од планираните средства за 2026 година. Притоа, Субвенции и трансфери учествуваат со 40,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 219 милиони денари (26,4% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 4.340 милиони денари, што претставува 26,1% од сопствениот буџет за 2026 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 65,2%, за што се потрошени 2.832 милиона денари или 24,2% од планираното. Втора најзначајна

ставка е Капитални расходи со учество од 13,5%. За таа намена беа реализирани 585 милиони денари или 39,5% од годишниот план.

Графикон 3.4. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2026 *(во %)*



Извор: Министерство за финансии

Во К-2-2026 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 3.838 милиони денари што претставува 43,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 95,2% во вкупните расходи, реализирани се 44,7% од планираните средства за цела година, односно 3.654 милиони денари.

Во периодот К-2-2026 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 1.833 милиони денари или 22,5% од вкупниот буџет за 2026 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 47,4%, за што се потрошени 869 милиони денари или 24,8% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 725 милиони денари (21,1% од планираното за годината) и учество од 39,6% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 3.668 милиони денари, што е 17,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 42,7%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.566 милиони денари (24,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 27,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.007 милиони денари, односно 25,6% од вкупно предвидените.

Во К-2-2026 година, **Министерството за транспорт** реализира средства во износ од 3.640 милиони денари, што е 24,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 90,1% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (3.281 милион денари или 23,8% од вкупно планираните средства).

Во анализираниот период, **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 542 милиона денари, што претставува 23,2% од предвидените за 2026 година. Плати и надоместоци (243 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 44,8%, а притоа се реализирани 23,5% од планираните. По основ на Капитални расходи отпаѓаат 25,2% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 136 милиони денари или 19,9% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.188 милиони

денари, што е 23,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка со учество од 72,0%, изнесува 24,2% од предвиденото за цела година (856 милиони денари).


Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска *(http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/)*.

3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2026 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 11.045 милиони денари или 4,1% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 12.290 милиони денари, односно 4,5% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2026 изнесува 51,7% од БДП и бележи намалување на своето учество во БДП во однос на К-1-2026 за 0,2 п.п.. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2026 е намалено за 0,3 п.п. и изнесува 52,1%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 47,9%.

Графикон 3.5. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

4. Инфлација и монетарни движења

Стапката на инфлација во К-2-2026, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 4,6%. Инфлацијата регистрираше забрзување од 0,9 п.п. во споредба со претходниот квартал (3,7% во К-1-2026).

Во вториот квартал од 2026 година, инфлацијата забрза во однос на претходниот квартал, под влијание на воените случувања на Блискиот Исток, коишто придонесоа за зголемување на светските цени на нафтата, што се одрази и врз домашните цени на нафтените деривати. Најзначаен придонес имаше забрзувањето на цените на енергијата, како и на базичната инфлација, главно поради повисоките цени во воздушниот сообраќај. Од друга страна, кај цените на

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација



Извор: Државен завод за статистика

храната беше забележано умерено забавување на годишниот раст, под влијание на повисоката споредбена основа.

Базичната инфлација регистрираше забрзување, односно се зголеми за 0,8 п.п. во споредба со К-1-2026 и изнесува 4,1% (3,3% во К-1-2026). Базичната инфлација забрза како резултат на цените на воздушниот сообраќај и тутунот и угостителските услуги. Цените на енергијата и нафтените деривати бележат раст и со цел намалување на ценовниот шок Владата во неколку наврати донесе привремени мерки за намалување на ДДВ од 18% на 10%, како и намалување на акцизите.

Гледано по категории, во К-2-2026 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележа умерено забавување и изнесуваат 5,1% (5,5% во претходниот квартал). Раст на потрошувачките цени во К-2-2026 се забележува и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 9,6%, Транспорт за 7,5%, Рекреација, спорт и култура за 5,3%, Ресторани и услуги за сместување за 4,7%, Покуќнина, опрема за домаќинствата и редовно одржување на домаќинствата за 4,6%, Услуги за образование за 4,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 2,9%, Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги за 2,7%, Информации и комуникации за 2,5%, Облека и обувки за 2,0%, Здравствена заштита за 1,8% и Осигурување и финансиски услуги за 1,7%.

Во К-2-2026, цените на мало регистрираа забавување на растот и изнесуваат 4,7%.

Во вториот квартал, Народната банка ја зголеми **основната каматна стапка** за 0,25 п.п., од 4,0% на 4,25%, во услови на зголемени ризици за инфлацијата, предизвикани од растот на цените на нафтата на светските берзи поради конфликтот на Блискиот Исток.

Примарните пари[1] забележаа пад на квартална основа од 2,3% (во претходниот квартал е забележан раст од 5,4%), како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 6,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 2,4%.

Во вториот квартал годинава споредено со К-2-2025, примарните пари се зголемија за 8,2% (во К-1-2026 е забележан раст од 22,1%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 6,0% и 10,7%, соодветно.

Во К-2-2026, најтесната парична маса М1[2] забележа раст од 3,1% во однос на претходниот квартал. На квартална основа, монетарниот агрегат М2 се зголеми за 1,0%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 1,6%.

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-2-2026 се зголеми за 1,4% на квартална основа, по растот од 0,8% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,0%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,4%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 3,6%, додека девизните депозити се намалија за 2,0%.


Степенот на евроизација е намален за 1,4 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 38,3%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2026 се зголеми за 0,5 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 24,9% (во К-1-2026 изнесуваше 24,4%). Во анализираниот период, краткорочните депозити се намалија за 1,9% на квартална основа.

Кредитната активност на банките во К-2-2026 се зголеми за 3,6% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 2,1%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 3,4% и на кредитите кон домаќинствата за 3,7%. Од валутен аспект, во К-2-2026 денарските кредити се зголемија за 4,8% и девизните кредити за 1,3%.

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 3,8% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се зголемија за 2,7%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка[4] на денарските кредити во К-2-2026 изнесува 4,99% и таа е намалена за 0,06 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2026 изнесува 4,13% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2026 изнесува 2,64% и се намали за 0,06 п.п. во споредба со претходниот квартал, а каматната

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[4] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

стапка на девизните депозити изнесува 1,66% и е зголемена за 0,01 п.п. во однос на претходниот квартал.


Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2026 изнесува 4,59%, а на новоодобрените девизни кредити 3,77%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,53% и 2,18%, соодветно.

5. Надворешен сектор

5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2026 изнесува 5.687,3 милиони евра и бележи раст од 13,2% во однос на истиот квартал во 2025 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
(во милиони евра)



Извор: Државен завод за статистика

Извозот на стоки во К-2-2026 изнесува 2.363,2 милиони евра и во однос на К-2-2025 бележи раст од 11,7%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е раст од 18,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), зголемување на извозот во К-2-2026 во однос на истиот квартал во 2025 година се забележуваат кај следните сектори:

- хемиски производи за 25,0% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: неоргански хемиски производи за 75,8 милиони евра или повеќекратно се зголемени; хемиски материи и производи за 51,5 милиони евра или за 11,6%);
- минерални горива и мазива за 158,8% (нафта и производи од нафта за 69,7 милиони евра или 505,4%);
- машини и транспортни уреди за 3,8% (електрични машини, апарати и делови за 33,8 милиони евра или 8,1%; индустриски машини и делови за 12,2 милиони евра или 13,7%);
- производи класирани по материјалот за 14,7% (обоени метали за 19,0 милиони евра или 250,2%; изработки од метал за 8,5 милиони евра или 29,5%);
- суровини освен гориво за 5,9% (метална руда и отпадоци од метал за 13,2 милиони евра или 20,8%); и
- животински и растителни масла за 15,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,7 милиони евра или 14,0%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува кај следните сектори:

- разни готови производи за 3,8% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата облека за 9,8 милиони евра или 11,6%);
- пијалаци и тутун за 4,0% (тутун и производи од тутун за 6,8 милиони евра или 7,0%) и
- производи за храна за 1,0% (месо и преработки од месо за 4,9 милиони евра или 82,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2026 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- индустриски набавки за 178,2 милиони евра или 17,1%;
- горива и мазива за 60,9 милиони евра или 163,0%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 9,1 милион евра или 3,1%;
- транспортна опрема за 3,3 милиони евра или 1,0%; и
- храна и пијалаци од 1,2 милиони евра или 0,6%.

Намалување на извозот е забележано само кај групата стоки за широка потрошувачка за 5,3 милиони евра или 2,6%.

Увозот на стоки во К-2-2026 изнесува 3.324,1 милион евра и е зголемен за 14,2% во однос на К-2-2025, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 19,1%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-2-2026 во однос на К-2-2025 се забележува кај сите сектори:


- производи класирани по материјалот за 19,0% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 175,8 милиони евра или 52,7%);
- минерални горива и мазива за 39,3% (нафта и производи од нафта за 123,5 милиони евра или 72,0%);
- хемиски производи за 11,5% (неоргански хемиски производи за 28,8 милиони евра или 42,3%);
- машини и транспортни уреди за 6,0% (канцелариски машини за 22,8 милиони евра или 105,9%; електрични машини, апарати и делови за 19,5 милиони евра или 6,2%);
- разни готови производи за 11,7% (обувки за 22,6 милиони евра или 198,8%);
- суровини освен гориво за 6,1% (дрво и плута за 1,9 милиони евра или 27,6%);
- пијалаци и тутун за 6,7% (пијалаци за 1,8 милиони евра или 6,0%);
- производи за храна за 0,5% (жита и преработки од жита за 1,5 милиони евра или 4,3%) и
- животински и растителни масла за 2,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,4 милиони евра или 2,3%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2026 раст на увозот е забележан кај сите групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 241,2 милиони евра или 18,5%;
- горива и мазива за 104,1 милион евра или 40,6%;
- стоките за широка потрошувачка за 28,0 милиони евра или 8,5%;

- транспортна опрема за 18,9 милиони евра или 9,2%;
- храна и пијалаци за 3,4 милиони евра или 1,1% и
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 1,9 милиони евра или 0,4%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2026




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27) во К-2-2026 е зголемена за 9,4% во однос на К-2-2025, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 58,5% и е намалено за 2,0 п.п. споредено со вториот квартал во 2025 година. Притоа, во К-2-2026 извозот на стоки учествува со 76,0%, а увозот на стоки со 46,0%.

5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-2-2026 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 290,3 милиони евра, што претставува 6,6% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 5,1% од БДП забележан во истиот квартал од 2025 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2026 е проширен за 83,7 милиони евра, односно 40,5%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 18,0% и на сметката на примарен доход за 16,8%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 1,0%.

Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 42,7%.

Во К-2-2026 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 123,7 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 1,5 п.п. на годишна основа, односно изнесува 18,4%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
(салдо, во милиони евра)



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2026 изнесува 249,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2025 година е зголемен за 74,8 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2026 изнесува 155,4% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2025 е зголемена за 8,2 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-2-2026 забележа дефицит од 208,0 милиони евра и истиот е зголемен за 29,9 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2026 изнесува 479,7 милиони евра и на годишно ниво е намален за 4,9 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на тековните трансфери за 17,6 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 96,2%, додека официјалните трансфери се зголемени за 12,7 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 3,8%.

Суфицитот на **капиталната сметка** во К-2-2026 изнесува 22,0 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2025 година е зголемен за 0,7 милиони евра.

Странските директни инвестиции (СДИ) во земјата во К-2-2026 изнесуваат 55,9 милиони евра и во однос на К-2-2025 се зголемени за 13,6 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од приливот по основ на сопственичкиот капитал и реинвестирање на добивката на компаниите со странски капитал, додека кај должничките инструменти е забележан одлив.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата



Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

Портфолио инвестициите во К-2-2026 изнесуваат 196,3 милиони евра и во

однос на К-2- 2025 се зголемени за 95,0 милиони евра.

Останатите инвестиции во К-2-2026 се негативни и изнесуваат 245,3 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметката на валутите и депозитите изнесува 271,6 милиони евра, додека сметките на заемите и на трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 427,8 и 88,8 милиони евра, соодветно.

Девизните резерви на крајот на вториот квартал од 2026 година изнесуваат 4,9 милијарди евра и во однос на К-2-2025 се зголемени за 5,1%. Девизните резерви на крајот на К-2-2026 обезбедуваат 4,3-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.